0202- 1088/18-4
28.03.2018

Врз основа на член 384 став 2 точка 3 од Законот за трговските друштва, Одборот на директори на ОКТА АД – Скопје до Собранието на акционери поднесува

# ИЗВЕШТАЈ

## За работата на Одборот на директори на ОКТА во 2017 година

I.

Одборот на директори согласно Законот за трговските друштва и Статутот на ОКТА АД – Скопје има најшироки овластувања во управувањето со Друштвото во рамките на предметот на работењето на Друштвото и во дејствувањето во сите околности во името на Друштвото.

Одборот на директори во текот на 2017 година одржа 6 состаноци и донесе 21 одлука и 2 заклучоци.

II.

На одржаните состаноци Одборот на директори ги разгледа и расправаше за сите значајни прашања во делот на своите овластувања.

Во текот на 2017 година на состаноците на Одборот на директори присуствуваа раководни лица по соодветна функција со цел да ги образложат извештаите и материјалите доставени за состаноците. По принципот на добро корпоративно управување се водени отворени дискусии по однос на материјалите за состаноците и за сите значајни прашања.

Сите членови на Одборот на директори активно учествуваа и соработуваа позитивно за остварувањата на Друштвото во 2017 година.

На 162-от состанок на Одборот на директори одржан на 13.12.2017 го разгледа Бизнис планот на ОКТА за период од 2018 до 2022 година, при што е констатирано дека истиот е издржан со јасно дефинирани цели на сите нивоа на раководење, со што се обезбедува интегрирање на сите напори во остварување на заедничките цели на Друштвото.

III.

Одборот на директори согласно член 415-в од Законот за измени и дополнувања на Законот за трговските друштва го разгледа полугодишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото.

Службата за внатрешна ревизија како независна организациона единица поднесе и Годишен извештај за својата работа за 2017 година на состанокот одржан на 28.03.2018 година.

Одборот на директори е на мислење дека Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија е квалитетен, сеопфатен и објективен и дава сеопфатен приказ и резиме на извршените ревизии, кои по обем и динамика се во согласност со одобрениот Годишен план

за работа за 2017 година. На состанокот одржан на 28.03.2018 година Одборот на директори донесе Одлука за одобрување на Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија.

Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2017 година е прилог на документите кои се доставуваат на увид на Собранието на акционери на ОКТА, што ќе се одржи на 15.05.2018 година.

Одборот на директори согласно член 415-б од Законот за измени и дополнувања на Законот за трговските друштва го разгледа Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото за 2018 година и истиот го одобри.

IV.

Согласно член 480 став 2 од Законот за трговските друштва, Одборот одржа состанок на 22.02.2018 година на која се разгледаа финансиските извештаи за годината која заврши на 31 декември 2017 со Извештаите за извршената ревизија и Мислењата доставени од страна на независните ревизори.

Ревизијата е извршена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и Законот за ревизија на Република Македонија.

Според Мислењето на независните ревизори финансиските извештаи на ОКТА АД – Скопје за годината која заврши на 31 декември 2017 се подготвени во сите материјални аспекти, во согласност со сметководствената регулатива на Република Македонија.

Исто така со Финансиските извештаи Одборот на директори ги разгледа и Годишната сметка на Друштвото за 2017 година, Годишниот извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2017 и предлог-одлуката за усвојување на годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото за годината која завршува на 31 декември 2017 година, предлог-одлуката за распределба на добивката од 2017 година и му предлага на Собранието на акционери на ОКТА, на Годишното Генерално Собрание што ќе се одржи на 15.05.2018 година да донесе одлуки со кои ќе се одобрат и усвојат истите.

V.

Работењето на Одборот на директори во текот на 2017 година беше во рамките на надлежностите утврдени во Законот за трговските друштва и Статутот на ОКТА АД – Скопје.

28.03.2018 година

Во име на ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Ефстатхиос Гривас

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 0 Акционерско друштво